Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 148

Јануари-Февруари 2025 г.

цена 20 денари,

**Делфина ЈАНЕВА, девојка која работи, а во исто време и студира на Универзтетот „Гоце Делчев“**

## Штип е град по мерка на младите



Quehenberger logistics

AKTIVA

ШЕФЕ БЕРБЕРНИЦА

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА




***Панче СТЕФАНОВСКИ, директор на ЈП Стипион***

## Автобускиот линиски превоз е успешна штипска приказна

## Иван Јорданов ќе биде старо-нов кандидат за градоначалник на Штип од ВМРО ДПМНЕ



## Новинарите од Источниот регион признанието за животно дело му го доделија на Иле НИКОЛОВ, создателот на Актива дооел



УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

***Иван Бојаџиски***



# Чекајќи ја есента

Ги живееме првите денови и месеци од новата, изборна година. Би се рекло-ништо ново, а се по старо. Кај нас една година е неизборно, а веќе втората-изборна. Постојано нешто избираме. Еднаш пратеници, вторпат градоначалник и советници, третпат претседател на државата...Па, колку некоја година да не остане „празна“ спроведуваме и референдуми на државно ниво. Постарите од почит кон настанот се дотеруваат во  најновата облека која ја имаат и заминуваат на гласање, помладите кој како милува.

Колку за Ваша информација почитувани читатели на Штипски Глас во овој мој поглед од мој агол на нештата со кои (ќе) живееме до есенските избори првин ќе кажам некои важни работи во врска со изборите од 1990 година до денес, што значи за период од 35 години, секако со акцент на локалните избори во нашата општина.

Во овој период нашиот народ излегувал на вкупно 25 избори од кои 11 биле избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 7 биле избори за претседател на државата и уште седум за избор на локални власти-градоначалник и советници. Ако на ова се додадат и трите референдуми кои сме ги имале на државно ниво, тоа е таа бројка од вкупно 25 излегувања на некакви избори, а со излегувањето на референдум тоа е импозантна бројка од 28 гласања за некого и за нешто. Споделете ја само бројката на излегување на избори (25) со бројот на годините од кога во државата е воведен политичкиот плурализам (1990 година) сами ќе можете да заклучите дека на избори сме излегувале просечно на секои 16,8 месеци! По ова името на нашата држава не требало да се смени во северна туку во Изборна Република Македонија, би рекол некој добар афористичар.

Но, да ги оставам по страна овие бројки. Овој поглед од мој агол сакам да го посветам на изборите во Штип од 1945 година  наваму па се до годинашниве-есенски локални избори со посебен акцент на нашиот Штип и се она кое ја чини општината.

Нашата општина во изминатите 80 слободарски години била управувана од вкупно 26 градончалници, односно претседатели на Собранието на општината како што се нарекуваа во поранешниот систем. Тоа е време од 1945 до 1947 година и Боро Радев како прв човек на општината, па се до оваа 2025 година и Иван Јорданов како 26-ти „татко“ на градот. Есенва ќе го избираме 27 по ред градоначалник, односно човек кој ќе ја има честа но и одговорноста да биде на чело на Штип како град регионален, универзитетски, обвразовен, стопански, културен, спортски и секаков друг центар.

Мојата анализа укажува на еден многу интересен податок кога се во прашање изборите за градоначалник на нашата општина. Имено, од 1945 година до денес само на една личност и успеало да врзе два мандата на најпрестижната општинска функција. Тоа е Михаил – Михо Данев кој на функцијата претседател на Општина Штип беше во два врзани мандати, односно во период од осум години од 1974 до 1982 година. Данев во тие, а и нешто повеќе години, беше централна политичка фигура во општината од која замина на многу висока државна политичка функција-секретар на Централниот комитет на СКМ и се пресели во Скопје.

Она кое го сметам за значајно во однос на изборите за градоначалник на Штип е и фактот дека од 26 досега избрани градоначалници, односно претседатели на Општина Штип, дури осуммина, покрај тоа што биле градоначалници во нашата општина, пред или по обавувањето на оваа функција биле на раководни позиции во нашето стопанство. Меѓу личностите со таква биографија се Љупчо Тиквешански, Љупчо Кангалов и Борислав Самоников кои биле генерални директори на „Македонка“, Методи Милев кој на позицијата претседател на Собранието на општината дошол од местото директор на „Политекс“, Славчо Митевски кој претходно бил директор на „Селена“ и Трајчо Спасов кој бил генерален директор на „Макпромет“, а кој во првите години на политичкиот плурализам (1991-1996 година) беше претседател на Собранието на Општина Штип. Оваа функција беше преименувана во градоначалник од 1996 година со изборот на д-р Томо Миташев за градоначалник, кој пак во еден претходен период бил директор на Клиничка болница Штип.

***На избори, во годините на нашата независност, сме излегувале вкупно 25 пати. Единаесет пати за пратеници, седум пати за претседател на држава и исто толку пати за локални власти. Тоа значи дека во период од 35 години на избори сме излегувале на секои 16,8 месеци! Добар афористичар би рекол дека ние не требаше името да го смениме во Северна, туку во Изборна Република Македонија...***

Единствениот градоначалник кој ја обавувал функцијата во двата системи-во социјализмот и во плурализмот бил Методи Милев кој својот мандат го заврши во 1991 година кога го наследи Трјчо Спасов.

Поради сето ова есенските локални избори во Штип ќе бидат посебно интересни. Уште сега е јасно дека ВМРО ДПМНЕ на изборите за градоначалник ќе оди со актуелниот прв човек на градот Иван Јорданов, додека на одлуката на вечниот во плурализмот политички ривал СДСМ ќе се почека уште некое време. Прашањето за милион долари ќе биде дали Јорданов ќе биде само вториот градоначалник со два мандати и по тоа ќе се изедначи со Михо Данев или СДСМ на политичкиот натпревар ќе излезе со кандидат кој ќе може да ги замрси сметките на ВМРО ДПМНЕ за ново четиригодишно владеење со градот и општината.

Есента ја чекам со душа зашто на изборите ќе ги добиеме одговорите на овие, за општината многу важни прашања.

**Делфина ЈАНЕВА, девојка која работи, а во исто време и студира на Универзитетот „Гоце Делчев“**

# Штип е град по мерка на младите



Делфина Јанева е студент по англиски и германски јазик и книжевност- наставна насока на УГД. Таа студира и веќе 8 години работи во Урбаниста, првиот бутик хотел во Штип. Делфина е сестрана личност, ги сака новинарството и модата па има освоено прво место на натпревар за граѓанско новинарство во Велес и е наградена за мода во емисијата Животен стил. Со оваа инспиративна девојка разговараме за нејзиниот поглед на нашиот Штип во однос на младите

-Штип, во секоја смисла е град по мерка на нас младите. Голема работа е да бидете град-Универзитетски центар, кој со својата автономност и независност е еден од најбогатите градови во нашата држава. Всушност, нашиот Штип е голема и развиена метропола која отвора и нуди безброј драгоцени можности за своите млади, вели Делфина во разговор за нашиот весник.

Таа укажува дека младите, благодарение на Универзитетот, покрај за учење и стекнување нови знаења, имаат можност и за спознавање и на други култури и истории.

-Својот интелектуален развој младите го градат преку студирање на Универзитетот кој пак, преку својата ЕРАЗМУС програма нуди можности за секој поединец. Тоа е програма која дава можности и за спознавање на друга култура и историја. Можноста да се студира во својот град е голема придобивка, зашто тоа ги ослободува нашите родители од финансиски оптоварувања кои би ги имале кога во нашиот Штип не би го имале Универзитетот „Гоце Делчев“. Дека Штип е град создаден по мерка на младите говори и фактот што градот има дури пет средни училишта што на младите им овозможува да се школуваат за професии за кои секој еден од нив го препознал својот талент, укажува Делфина.

Младата девојка го гледа својот Штип и како град сместен под легендарната средновековна тврдина Исар за која вели е прекрасно што ја имаме бидејќи токму таа не пази и чува од лошото.

-Штип е редок град кој ја создавал, ја развивал, ја почитува(л) и ја продолжува традицијата на нашата богата историја. И по тоа ние живееме во раритетен град, коментира Делфина.

Во поглед на културата оваа девојка смета дека и на ова поле младите имаат можност да уживаат во една богата културна понуда која, пред се, и ја нудат културните институции во градот.

-Во театарот редовно можат да се видат прекрасни претстави достојни на реномето на Штип како прв град на културата во Македонија во 2004 година. И знам дека се поголем број млади ги гледаат претставите на нашиот театар. Во Домот на култура „Ацо Шопов“ се случуваат ликовни изложби, поетски настани, музички гостувања, во Домот на млади имаме развиена музичка сцена, а оваа институција по разни основи е многу привлечна за нас младите. Тука е и националната библиотека „Гоце Делчев“ во која младите можат да ја најдат секоја книга која им е потребна. Сакам да посочам дека Штип беше инспирација за филмот Петрунија снимен во нашето легендарно Ново Село во која и јас, како и многу други млади бев статистка, па така филмската индустрија ја запознав од поблиску, вели нашата соговорничка.

За Делфина Штип е и спортска метропола.

„Тому поради развиениот спорт кој им припаѓа на младите нашиот град беше прогласен за Европски град на спортот во 2024 година. А такво признание до сега нема добиено ниту еден друг град во нашата Македонија. Младите имаат големи можности за спортување и поради големиот број затворени спортски сали главно во училиштата, а и поради големиот број отворени спортски терени во речиси секоја наша урбана заедница. Не треба да заборавиме дека минатата година градот го организираше Штипскиот маратон на пет и на десет километри на кој настапија стотици млади од градот, потенцира Делфина.

И во поглед на можностите за вработување Делфина е со став дека младите во Штип се благословени поради развиената индустрија која градот ја има што отвора многу перспективи за нивно вработување на работни места каде тие можат да ги искажат своите потенцијали и да го дадат својот придонес за економскиот развој на нашата локална но и национална заедница.

-Би сакала да ја искористам можноста која ми ја давате за овој разговор за Штипски Глас и од мене како млад студент да испратам една порака до сите млади. Пораката ми е слушната од мој прекрасен професор, а таа гласи вака

**„Секој се памети по тоа што завршил, а не по тоа што започнал во животот“**

Тоа за мене е голем мотив ние младите луѓе да завршиме високо образование, да станеме академски граѓани и со своето знаење да направиме подобро општество за сите.

*Панче СТЕФАНОВСКИ, директор на ЈП Стипион*

# Автобускиот линиски превоз е успешна штипска приказна

Штип од првиот септемвриски ден 2023 година се вброи во семејството на општини кои имаат сопствен општински линиски превоз. Од ден во ден овој вид на превоз за жителите од општините Штип и Карбинци стануваше се попривлечен па денес него го користат голем број жители пред се од нашата општина, а потоа и од Општина Карбинци.

За 18 месечното искуство со ова транспортно решение за граѓаните во овој број на Штипски Глас правиме интервју со Панче Стефановски, директор на ЈП Стипион во чија надлежност е општинскиот линиски превоз.



*Панче Стефановски, директор на ЈП Стипион*

**✹Г-дин Стефановски, каков беше почеток на оваа приказна?**

-Точно е тоа дека на првиот септемвриски ден во 2023 година започна да функционира општинскиот линиски превоз, а во исто време воспоставивме соработка и со Општина Карбинци за и тие да можат да го користат овој вид на превоз. За почеток набавивме шест нови автобуси од брендот „Исузу". Автобусите беа во вредност од еден милион евра, а средствата ги обезбедивме од буџетот на Општина Штип и од ЈП Стипион преку финансиски лизинг на седум години.

**✹На колкав број на линии беше првично воспоставен пресвозот, а колку лини и колку автобуси вкупно имете денес, 18 месеци по почетокот?**

-Иницијално, превозот го започнавме на шест линии на кои сообраќаа нашите автобуси. Од ден во ден граѓаните сé повеќе го прифаќаа овој вид на превоз поради што моравме да набавиме уште три автобуси од марката Мерцедес и отворивме осум нови линии, па денес имаме вкупно четиринаесет линии. Двата Мерцедес автобуси се секој со капацитет (со седење и стоење) од по 106 лица, а третиот автобус е помал и има 28 места за седење. Понекогаш некој ќе коментира зашто се одлучивме за овие марки на автобуси, а мојот одговор е дека пред да се одлучиме за нивна набавка ние се консултиравме со неколку градови кои пред нас имаа воведено општински линиски превоз, а тие, согласно нивното искуство, не упатија на овие марки на автобуси.

**✹На речиси сите автобуси гледаме реклами на штипски и други фирми, дали тоа значи дека и оваа работа ви носи финансиски бенефит?**

-Секако. Но, она кое сакам да го споделам со штипската јавност е фактот дека ние имаме договор со економски оператор кој се грижи за оваа работа при што средствата кои ги добиваме од рекламите на нашите автобуси ги делиме во сооднос 75:25 проценти во корист на ЈП Стипион. Ние сме сосема задоволни од оваа соработка, тој пристап го зголеми интересот кај компании од Штип и од други места за нивно рекламирање преку нашите автобуси како еден вид подижни рекламни паноа. Тоа е така насекаде во светот, па зашто она што е корисно, а и убаво да не го примениме и кај нас, посебно кога, покрај од билетите и оваа работа ни носи финансиски бенефит.

**✹Имате 14 линии, но која дестинација ви е најдалечна?**

-Најдалечна е линијата која води до селото Кучица и назад. Ова село е во планината Плачковица, а ние на тие луѓе им овозможуваме на безбеден и финансиски поднослив за нив начин да им обезбедиме превоз до Штип и назад до селото. Најисплатливи ни се линиите до населбата Баби и до бања Кежовица.

**✹Кој е профилот на патниците кои користат организиран општински линијски превоз. Да ли се тоа пензионерите пред сите други?**

-Профилот на нашиот граѓанин кој милува да користи ваков вид превоз е шаренолик. Тука се пензионери, студенти, средношколци, основци...Притоа, треба да се има во предвид фактот дека средношколците кои живеат на 2,5 килкометри подалеку од своето училиште по закон имаат право на бесплатен превоз, а за оние кои немаат законски бенефиции ние нудиме билети по повластени цени од 500 денари месечно без ограничување на бројот на возења и линиите кои ќе ги користат. Другите категории кои користат повластени

цени се студентите, децата до 18 години кои се без родители, лица од социјално ранливи семејства, и пензионери кои, покрај другото и секој петок имаат целосно бесплатен превоз. Бесплатен превоз имаат и лицата со инвалидитет, со попреченост во развојот и деца до петгодишна возраст што значи дека децата од раѓање па до 18 години или до полнолетство имаат бесплатен превоз.

**✹Дали имате анализа на тоа дали и колку јавниот превоз влијаеше (ако влијаеше) на тоа луѓе од подалечните населби наместо со автомобили на работа да патуваат со градските автобуси и со тоа да се намали притисокот во услови на недостиг на паркинг места?**

-Јас ќе речам дека ние сакаме да мислиме дека општинскиот јавен превоз ја има и таа корисна димен-



зија и дека се поголем број наши сограѓани кои живеат во подалечните урбани заедници и приградски населби, место со свои автомобили во град, на работа или по  некоја своја потреба доаѓаат со нашите автобуси. Но, како и на секоја нова работа, така и оваа, ќе и треба повеќе време луѓето да сменат некои свои навики и да го прифатат она кое им е повеќе корисно и кое им штеди пари и нервирање кога нема да можат да

**Кога е во прашање општинскиот линиски превоз ЈП Стипион работи рентабилно и со позитивен финансиски резултат. Но, рентабилноста на оваа работа може да се гледа од повеќе аспекти...**

најдат место во центарот на градот на кое би го паркирале својот автомобил,а плус тоа и треба да платат за паркингот. Убеден сум дека најубавото и најповолно време за користење на јавниот општински превоз допрва доаѓа.

**✹Конечно, секоја работа е успешна ако е рентабилна. Во таа смисла какви се досегашните ваши искуства?**

-Кога е во прашање општинскиот линиски превоз можам да кажам дека работиме рентабилно и со позитивен финансиски резултат. Но, рентабилноста на оваа работа може да се гледа од повеќе аспекти. На пример: до воспоставувањето на општинскиот линиски превоз, на приватните економски оператори основните училишта за своите ученици им плаќаа и до десет пати поскапи цени од сегашните. Кога ќе се земат во предвид сите финансиски параметри како субвенциите од општината, блок дотациите од училиштата, приходите од продадените билети од една, и трошоците за плати, за гориво, за амортизација, одржување, и обврските по однос на финансискиот лизинг, можам да кажам дека во случајот со општинскиот линиски превоз ние работиме со солидна добивка кое нешто ни овозможува да

**Профилот на нашиот граѓанин кој милува да користи ваков вид превоз е шаренолик. Тука се пензионери, студенти, средношколци, основци...Притоа, треба да се има во предвид фактот дека средношколците кои живеат на 2,5 килкометри подалеку од своето училиште по закон имаат право на бесплатен превоз, а за оние кои немаат законски бенефиции им се нудат билети по повластени цени од 500 денари месечно без ограничување на бројот на возења и линиите кои ќе ги користат**

размислуваме за развој, за проширување на возниот парк, за скорашна набавка на нови возила и вработување на неопходниот персонал. Во тој контекст оваа година ќе набавиме најмалку два нови автобуси и ќе вработиме персонал потребен за нивно функционирање.

**✹Денес живееме некои модерни времиња, меѓу другото и во поглед на технологијата, па дали имате ваша апликација која би им помогнала на луѓето со леснотија да ги видат најважните нешта во врска со овој вид превоз?**

-Уште на почетокот на оваа приказна штипјанецот Дарко Ефремов кој е млад и успешен програмер, по сопствена иницијатива, изработи апликација со која во реално време граѓаните, на своите мобилни телефони или компјутери можат да ги добијат сите поединости како линии, возен ред, цена и слично. Ние сме тука, за граѓаните и не смееме да заостанеме зад ништо што ќе им ја олесни информацијата и комуникацијата за општинскиот линиски превоз.

**✹Какви се цените, до каде е најскапо возењето?**

-Цената на билет за градска линија е 30 денари единечно, а 50 денари е повратен билет. Најдолга е релацијата до селото Кучица до каде билет во една насока чини 150 денари, а повратен 250 денари. Месечниот билет на релација Кучица – Штип изнесува 1.800 денари.

# Компанија од Дубаи во нашата општина ќе гради една од најголемите ветерни електрани на Балканот

Компанијата Алкарас Енерџи чие седиште е во Дубаи, ќе гради огромен ветерен парк кој главно ќе биде лоциран во Општина Штип, а ќе зафаќа делови и од општините Карбинци и Радовиш. Проектот кој беше претставен пред заинтересирани институции, организации и поединци од спомнатите општини ќе има капацитет до 396 мегавати и, како таков, ќе биде најголем ветерен парк на просторот на Западен Балкан..

Претставниците на заинтересираната компанија од Дубаи појаснија дека Алкараз Енерџи е одржлив инфраструктурен фонд на обновливи извори на енергија поддржан од банките за развој и посочија дека овој проект во нашата држава е најавен во месец јуни, минатата година.



-Развојот и проектирањето на ветерниот парк се во тек, а планирано е со изградба на истиот да се отпочне во втората половина на оваа година. Откако ќе биде завршен и пуштен во употреба речиси петкратно ќе го зголеми инсталираниот капацитет на електрична енерија добиена од ветер во Македонија. Всушност, овој ветерен парк ќе произведува струја еднаква за напојување на 150.000 домови, притоа избегнувајќи 980.000 тони емисии на CO2 годишно, беше речено во јавната презентација на проектот.

***Во изминатите 2,5 децении во Штип престојувале претставници на светски компани од десеттина држави со намера да ја градат капацитети за искористување на енергијата на сонцето и (или) енергијата на ветерот. По разговорите сите даваа ветувања за нивната „голема заинтересираност“ но од сето тоа не излезе ништо. Најголемото ветување беа дадени од израелски инвеститор кој вети инвестиција од една милијарда евра, но и тоа ветување отиде во ветер...***

Инаку, овој проект опфаќа до 54 генератори на ветерни турбини секој со приближно од 6-8 MW номинална моќност. Генераторите ќе се поврзат со35/400 кv трафостаница која ќе биде изградена специјално за потребите на проектот. Очеку вањата се овој ветерен парк да произведува над 860 GWh електрична енергија годишно со претпоставен век на траење од 25 години.

Ветерниот парк ќе зафаќа површина од 326 хектари. Дизајнот на проектот е во тек, а откако ќе бидат завршени комбинираните инженерски и еколошки студии, позициите на турбините и внатрешните патишта ќе бидат потврдени. Инвесртицијата е 500 милиони долари, а од компанијата најавија вработување на околу 630 лица.

***Овој ветерен парк ќе произведува струја еднаква за напојување на 150.000 домови, притоа избегнувајќи 980.000 тони емисии на CO2 годишно, ќе има до 54 генератори на ветерни турбини секоја со номинална моќност од 6-8 MW, а ќе произведува над 860 GWh електрична енергија годишно. Инвестицијата е 500 милиони долари, а ќе се вработат 630 лица.***

Заинтересираната компанија смета дека покрај производството на електерична енергија од обновливи извори локалните заедници ќе добијат и свои бенефити. Речено е дека внатрешните патишта ќе ја подобрат мобилноста на локалната заедница обезбедувајќи пошироки и побезбедни патишта, за време на изградбата дел од локалното население ќе биде ангажирано од фирмите кои ќе го градат паркот, студијата во однос на влијанието на проектот врз животната средина е во фаза на изработка и ќе биде во согласност со националното законодавство.

-Алакраз Енерџи се посветува на работењето со највисоки стандарди на интегритет, во согласност со својот кодекс на етика и деловно однесување. Алкараз Енерџи ги цени ангажманот, транспарантноста и одговорноста кон заинтересираните страни кои можат да бидат засегнати од или имаат интерес за нашите средства. Ние ги прифаќаме коментарите во однос на проектот, вклучително и анонимни пријави, информираа од компанијата на денешната јавна дебата во однос на овој проект.

# Иван Јорданов, ќе биде старо-нов кандидат за градоначалник на Штип од ВМРО ДПМНЕ

Подготовките за есенските избори за нови локални власти во општините се во тек и на нив, на девет месеци пред изборите активно работат сите политички партии, а посебно двете најголеми ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. И двете парти го опипуваат политичкиот „вкус“ на бирачкото тело преку интерни анкети чија намена е да се осознаат првите реакции на граѓаните во однос на партиите и од нив предложените во анкетите кандидати.



Во тие и такви околности симната е само една дилема. ВМРО ДПМНЕ нема да ја користи можноста во процесот на анкетирање за тоа кој кандидат е најпосакуван од граѓаните за градоначалник, во својата анкета наместо со можни четворица ќе оди со само еден кандидат. Тоа е актуелниот градоначалник Иван Јорданов.

Имено, во општините кои имаат од 15.000 до 50.000 жители ВМРО ДПМНЕ, со одлука на Извршниот комитет на партијата ќе прави анкетно истражување за тоа кои кандидати се најприфатливи за народот за градначалник на соодветната општина. На анкетираните ќе им бидат предложени по максимум четири имиња, а оној кој ќе добие најголема доверба ќе се најде во финишот на изборната трка за татко на општината. Штип е во оваа категорија општини со нешто над 47.000 жители.

Но, во нашата општина ВМРО ДПМНЕ, во прашањето до граѓаните кои ќе бидат анкетирани, ќе има само едно име.

Тоа е **Иван Јорданов**, актуелен градоначалник на Општина Штип.

-Иако Извршниот комитет на нашата партија има донесено одлука за можноста во процесот на анкетирање да можат да се најдат четворица кандидати, Општинскиот комитет на Штип, на седница пред крајот на минатата година, со општ консензус, одлучи во процесот на анкетирање да има само едно име, а тоа е актуелниот градоначалник Иван Јорданов, ни изјави Душко Иванов, актуелен пратеник и претседател на Општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ.

Иванов информира дека сите анкети кои до сега ги правела партијата во однос на есенските избори за нови локални власти јасно ја потврдиле популарноста на актуелниот градоначалник Иван Јорданов меѓу штипјани.

-Јорданов ќе биде нашиот кандидат за нов мандат за прв граѓанин на Штип и општината, а сите наши анкетни истражувања кои сме ги правеле до сега, јасно упатуваат на фактот дека тој убедливо ќе победи и на есенските локални избори, без оглед на фактот која личност од другата политичка опција или опции ќе му биде противкандидат, порача Душко Иванов.

***Ако Иван Јорданов биде кандидат за градоначалник, и ако биде избран на таа функција, тој ќе биде само втората личност од нашиот град која во 80 годишната слободарска традиција на Штип успеала да врзе два мандати, или осум години, на најпрестижната функција во општина Штип. Досега, тоа му успеало само на Михаил Данев кој беше претседател на општината (денес градоначалник) во два врзани мандати, а тоа беше во периодот 1974-1982 година.***

Ако Иван Јорданов биде кандидат за градоначалник, и ако биде избран на таа функција, тој ќе биде само втората личност од нашиот град која во 80 годишната слободарска традиција на Штип успеала да врзе два мандати, или осум години, на најпрестижната функција во општина Штип. Досега, тоа му ујспеало само на Михаил Данев кој беше претседател на општината (денес градоначалник) во два врзани мандати, а тоа беше во периодот 1974-1982 година.

# Новинарите од Источниот регион признанието за животно дело му го доделија на Иле НИКОЛОВ, создателот на Актива дооел

***Доделени се вкупно 17 признанија во рамките на манифестацијата „Најдоброто од истокот“ од кои 7 се на инспиративни штипјани***

Дваесет новинари кои се членови на регионалниот актив на новинари „Исток“ со седиште во Штип, на средба во Виница, ги доделија признанијата на општини, институции и поединци за посебни остварувања во 2024 и за годините пред тоа.

**Животно дело**: Највисокото признание за животно дело му е доделено на стопанственикот Иле Николов, која ја создаде моќната компанија Актива доо која се бави со металопреработувачка индустрија и градежништво во која работат 550 лица;

**Менаџер на годината**: За менаџер на годината признание добива Сашко Наков, генерален менаџер на Амфенол Технолоџи Македонија-Кочани, која е американска инвестиција и вработува близу 3.200 лица.

**Екологија:** Општина Берово која е државен лидер меѓу општините во одложувањето отпад во која секое второ семејство го одложува отпадот преку вендинг машините на Пакомак.

**Стопанство**; фирмата ЕАМ-Штип за нејзината успешна работа во 2024 година и бројните донаторства;

**Општествена одговорност**. Ова признание му е доделе но на Доброволното противпожарно друштво – Пехчево:

**Здравство**: Признанието за најдоброто во здравството новинарите го доделија на ПЗУ Ѓоко Медика – Пробиштип;

**Уметност**: Добитничка на ова опризнание е штипјанката Јована Гуњова која во Словенија ја доби Прешерновата награда за уметност (модна индустрија).

**Женско претприемаштво**: ова признание новинарите едногласно одлучија да и го доделат на Михаела Ѓорчева од Свети Николе:


Иле Николов


Јована Гуњова


Жикица Ивановски


Ефтим Трајчов Ѓаурски


Александар Патраклиски ЕАМ

**Образование:**Универзитет „Гоце Делчев“-Штип за развојот на високото образование во меѓународни рамки-учество во Европската универзитетска алијанса;

**Хуманост:** Здружение Умиление – Виница за бројните хуманитарни активности;

**Планинарски подвиг**: признанието оди во рацете на 74 годишната Мира Симоновска од Делчево за нејзиниот подвиг во освојувањето на врвот Ухуру на Килиманџаро во 2024 година и на уште десеттина планински врвови со големи височини;

**Култура**: Ефтим Трајчов – Ѓаурски, актер во Штипскиот театар за најголема присутност во претставите на овој театар во 2023 година, за кое има добиено признание од матичната куќа НУЦК „Ацо Шопов“, за учество на 5 фестивали во 2024 година и две главни улоги минатата година и за тоа што во последните 10 години е најзастапен актер во ШНТ со 24 театарски премиери, со над 300 изведби на даските кои живот значат и 4 индивидуални награди;

**Маркетинг**: Лилјана Варадиновска – Штип која маркетингот го подигна на едно повисоко ниво;

**Граѓански активизам**: невладината организација „Надеж-Норе“-Македонска Каменица;

**Спорт:** доделени се три признанија: на ОК Студент, Штип, Жикица Ивановски, ултрамаратонец од Штип и на 17 годишниот Лука Змејковски, европски првак во теквондо од Виница.

Признанијата на добитниците ќе им бидат доделени на свеченоста „Ноќ на источните оскари“ која годинава ќе се одржи во месец април во хотелот Мајбери – Свети Николе.

# Борба против вандализмот со 200 камери и видео надзор



Иако ние за себе милуваме да зборуваме главно лошо, дека сме неодговорни, некултурни, примитивни, сепак работата баш и не стои така. Бројни истражувања покажале дека штипјани се главно пристојни и добро воспитани луѓе меѓу кои, како и во секој друг град, има неодговорни поединци кои својот личен гнев и својата некултура знаат да ја покажат на начин што го, истурајќи го својот гнев рушат се пред себе.

Притоа, најчесто страда урбаната опрема која е богатство на градот и која чини пари кои, од своите семејни буџети ги издвојуваатсвојот бес врз имот кој е заеднички на сите граѓани во нашата заедница.

Нив има такви на кои ништо не им е свето, па покрај другототo на определени локации во градот можат да се видат призори на вандализам главно преку испокршена урбана опрема.

„Општина Штип на годишно ниво троши околу три милиони денари за поправка на детски реквизити, канделабри и урбана опрема. Тоа некако мора да се намали, ако не и целосно да се спречи“, рече Панче Стефановски, директор на ЈП Стипион.

Градоначалникот Иван Јорданов информира дека во тек е поставувањето на 200 камери преку кои ќе се контролираат настаните по штипските улици, булеварите, игралиштата во урбаните заедници, просторот околу и во дворовите на детските градинки, пешачката патека долж реката Брегалница.

-„Сакаме уште побезбеден и уште попристоен град, напорно и посветено работиме на тоа па состојбата ќе ја контролираме преку видео надзор“, појасни Јорданов кој е уверен дека тоа ќе даде резултат.

Според Панче Стефановски, директор на ЈП Стипион, има појави на уништување на заштитните столпчиња по тротоарите, чија функција е да се спречи паркирањето на возила по тротоарските површини и да се заштитат автобуските постојки.

Ваков вид на надзор освен во централното градско подрчје ќе се поставува и во повеќе урбани заедници во градот.

ОСВРТ

## Итно пронаоѓање на интернет бомбашите и нивно процесуирање

Лажните„бомби“ кои беа пријавени и во неколку штипски училишта но и во училишта во повеќе други градови во Македонија само ја мапираа и нашата држава на глобусот на земји во кои некои пореметени умови најдоа прилика да се играат мајтап со една страшна работа која предизвикува паника и вознемиреност кај ученици, наставници, родители, општа јавност.

Бомбите макар и лажни не се играчка.

-Не ми е јасно кој ум може да си дозволи такво нешто. Кога слушнав дека училиштата се испразнети веднаш отрчав кон гимназијата „Славчо Стојменски“ да видам што тоа таму се случува, да видам што е со децата, не само со мојата ќерка. Видов празно училиште и дознав дека децата ни се некаде на сигурно. Мислев, бев сигурен, дека се работи за лажна дојава но, во вакви прилики секогаш оставате во мислите барем еден процент можност дека тоа може да биде и стварност. Ако органите пронајдат кој е интернет дојавителот, мислам дека за такво недело треба да добие дваесет години строг затвор, ни рече Стојан Петровски, татко на гимназијалка.

Дојавата за бомбите пристигнала на службените мејлови на училиштата. Среќа што најголем број од вработените во нив се совесни и на дневна основа го прегледуваат интернет пораките, но знаеме и за случаи во кои пораки за бомби во училишта стигнувале и порано но мејловите со такви пораки биле отварани и две недели подоцна од самата дојава.

Посебно тревожи фактот што на мета се училиштата, и што такви дојави доаѓаат во години кога просторот на екс Југославија живее со трагедијата во белградското основно училиште „Рибникар“ и со се поголемиот број грозоморни настани во училишта во повеќе развиени држави во светот. Дали светот полудел и дали такво лудило се преселува и кај нас, сега само преку лажни дојави за бомби,а потоа бог знае и за што друго, останува да покаже времето.

И поради тоа од исклучителна важност е што побргу да се најдат интернет бомбашите и, ако со од нашата држава, по итна постапка да се процесуираат, а за тоа јавноста, на време да бид информирана.

# Маркетинг микс, малото, надежно светло од истокот на Македонија кое стана големо и препознатливо



**•Лилјана Варадиновска, сопственичка на Маркетинг Микс е добитничка на признанието за подигање на ново ниво на маркетингот како професија**

За своите почетоци во маркетинг индустријата Лилјана вели дека потекнуваат од 1995 година во ТВ Ирис.

-„Потоа кариерата ја брусев и надградував, продолжувајќи во Канал 77 каде, како што би се рекло „го испеков занаетот", за да во 2010 година почуствувам дека ми е потребна широчина и слободен простор за креатива и личен израз. Тогаш бев полна со идеи, контакти и визии, комплетна и зрела за да отворам сопствена маркетинг агенција и продукција. Така се роди Маркетинг Микс, мало, но надежно светло од истокот на Македонија", вели Варадиновска.

Во оваа работа инспиративната штипјанка е цели 30 години.

-Ова е една посветена работа во која имало амплитуди, или успони и падови во исплатливоста, но дефинитивно имаше и „златни времиња" во маркетингот, кога работата одеше глатко, затоа што добриот маркетинг беше задолжителен за да се постигне, да се расне или негува, одреден бренд. Сите имаа потреба од маркетинг, и компаниите и телевизиите и познатите личности кои природно се вклопија во нашиот концепт на повеќето проекти. Во последнава декада маркетигот е конвертиран од тв екраните и весниците, на социјалните мрежи и порталите. Се издефиренцираа многу подкатегории во дигиталниот маркетинг, кој моментално е најактуелен, но се одржуваат и класичните форми на видливост, во премиум време, на рангиран медиум, притоа бизнисите генерациски се наследуваат од потомците, доаѓаат нови менаџери со поинаква перцепција и барања, но ние ги следиме побарувањата и трендовите и не само што се прилагодуваме, повторно сме оригинални и успешни, би рекла секогаш движечки и нови со иновативни идеи. Како професија може да се живее од маркетинг, но ако имате долгогодишен бекграунд, мрежа и визија за иднината. Јас секогаш имам проект во ракав, идеја или џокер со кој ќе го свртам вниманието на јавноста, живеам маркетинг 24/7 како сопственик на агенцијата и продуцент, појаснува Лилјана.

Та маркетингот го работи на локално, регионално и државно ниво, но...

-Само што помислив дека сум на залезот на кариерата, еве ме, мотивирана и енергична да продолжам со работа на нови простори, во соседството и пошироко во странство, не само заради понудите што ги добивам, повторно, заради широчините кои отвораат нови интернационални предизвици, и уште едно поглавје на животот со маркетинг. Маркетинг Микс зад себе остави многу, можеби над 300 реализирани емисии во рамките на 6-те тв проекти. Сите заедно се своевиден национален архив, документација за топонимите, убавините, селата, градовите, животните приказни и трансформации на луѓето во нашите хумани подвизи. Односно, визуелно културно наследство кое секогаш е корисно и добредојдено. Што би рекле моите пријатели, „Лиле ти со твојата работа и се оддолжи на Македонија".

Долгогодишни соработници или клиенти кои интензивно биле промовирани или по некој основ користеле маркетинг кампањи, стратегии, миксови, или било какви услуги за видливост се компаниите: Витаминка, Адора, Авто Чајка, Кожувчанка, Мебел Ви, Еуроимпекс, и уште многу други, кои иако проектно или епизодно биле вклучени, до денеска се сметаат за дел од „бизнис семејството" на Маркетинг Микс.

Во портфолиото на Маркетинг микс се и бројни проекти кои оделе на нашите телевизии и стекнале гоема популарност.

-Од поголемиот број на проекти ќе ги набројам „Од кое село е бабат ти?" „Мастраф Муабет" и „Карамбол од приказни" е нивната уредничка и во еден ангажман водителка, Регина Икономовска. На пазарот „Маркетин Микс" се појави и со бројни промотивни проекти како: „55 минути", „На шанк", „Од кое село е баба ти?",„Вип на еден ден ", „Мастраф Муабет", „Карамбол од приказни" како и неколку проекти „Изворска–извор на креативноста" и „Зелен караван" спроведени низ градинките и основните училишта во државата. Еден омилен „бренд од брендот „Маркетинг Микс"", кој го изградивме меѓу препознатливите проекти е тв проектот „Мастраф Муабет" кој освен што покажаа иновативност, општествена одговорност, меѓу другото го инспирираше маркетиншкиот сектор да превзема модели и да ја цени и валоризира нашата работа, укажува Варадиновска.

Маркетинг микс е познаат и по изработката на рекламни спотови за позанти компании.

Апсолутно, заеднички со компаниите, сакаме да постигнеме стил, бренд, естетика, погодок на целните групи, продажба, профит и задоволни муштерии, за кои маркетингот нема да биде оценет при конзумирањето на производот како претеран или нереален. Ќе ги издвојам компаниите - партнери за продукција на рекламни спотови, со кои одлично сме соработувале и во некои од тв проектите. Тоа се Зегин, Елит, Градпек, Бисер, кои конкретно добиле спотови, но како што реков долга е низата од имиња на компании кои во одреден период застанале зад нас, а и ние зад нив со своевидна поддршка.



# Зошто секоја генерација е „полоша“ од претходната

**Колумна на
д-р Кирил Барбареев,
професор на Факултетот за
образовни науки при УГД**

***„Ако некој каже: Овде има провалија, ти кажи му: Онде има мост!“***

Науката вели дека темпераментот на луѓето во светот е сличен, а карактерот се менува од култура до култура, од супкултура до супкултура. Карактерот се гради во интеракција со средината, се развива со текот на времето преку учење, социјализација и морални вредности, и тој е клучен за личниот и професионалниот успех, како и за здравите меѓучовечки односи во една култура. Културата се формира под влијание на средината, во која воспитанието и образованието играат најголема улога.

Една од најсложените задачи во развојот на личноста е да пронајде рамнотежа помеѓу личните потреби и потребите на другите, да ги изрази своите потенцијали, да ги задоволи своите желби или реализира своите амбиции, но притоа да не ги загрози другите или да не ја „малтретира“ средината, туку да ја инспирира со своите дела.

Додека младиот човек се развива и расте, тој учи да ја прифати реалноста, културата во која живее, учи да се прилагоди на реалноста, но, за да се прилагоди тој треба да ја засака таа реалност, да се идентификува со таа средина и со позитивните модели, и да ја најде рамнотежата помеѓу личните потреби и потребите на заедницата.

Задача на образованието е да ги „поучува децата во каков свет живеат и како да го подобрат“. Образованието служи за критичко согледување на сопствената состојба, за делување, за трансформација, за дијалог, за внесување промени. Само така ќе можат од минатите искуства да создадат нови почетоци, а не да се „извлекуваат“ на фактот дека лошите работи во општеството така ги дочекале, па тука од секогаш било така, па со нив тие немаат врска и тоа не било до нив. Почнување ново не е можно без претходно разбирање на минатото, кое не смее да се пренесува некритички, туку постојано одново да се промислува.

Како младите ќе знаат и ќе сакаат да ја променат перспективата ако секогаш им се нуди само една, т.н.„правилна перспектива“, која не доаѓа и не потекнува од критичката мисла и донесениот став!? Учените луѓе низ историјата постојано се соочувале со оваа дилема: дали ѝ служат на моќта или на вистината?

Нашето образование многу малку го поттикнува размислувањето кај учениците и уште помалку ја истакнува важноста од отворено искажување на мислењето и ставот. И тоа со децении е така, не постои критичка мисла, како резултат на долги години слабо образование. Знаењето се прикажува како објективно, а таа објективизација создава кај ученикот претстави дека и нивните животи се еднакво објективно дадени, со што се оневозможува замислување на промени и активна трансформација на сопствените околности и општествената реалност.

Пасивноста создава дисциплинирани ученици кои само седат и се надеваат дека нема да бидат „повикани“ да се соочат со сериозните интелектуални предизвици, кое ќе им овозможи надградба на сопствените мисли и слики за општеството.

Системот е така направен „банкарски“ (Пауло Фреире) така што учениците слушаат и репродуцираат содржини, што најмногу одговара подоцна на оние кои не сакаат општествени промени – колку подобро „потчинетите“ ќе се прилагодат на ситуацијата, толку повеќе со нив може подобро да се манипулира и доминира (Фреире). Токму ваквиот модел според Фреире создава замолчени граѓани, генерации кои повторуваат обрасци, кои бегаат од слободата на мисла, кои активно заговараат „наметнување на сличноста“, („Како тоа тој има јас немам?“ „Како може тој, а ти не можеш?“ и тн.) отфрлање на новото пред навалата на имитацијата, која повеќе се почитува од имагинацијата. Во такви системи тешко до израз ќе дојдат карактери кои општеството го инспирираат на промена.

Истражувањата покажуваат дека секоја нова генерација е сѐ послаба од претходната. И тоа е евидентно. Послаба во општото знаење, во говорот, во моторичкиот развој, во концентрацијата, во вниманието, во контролата на емоции намалена емпатија. Причини има многу кои се под влијание на средината, но има една голема причина која е поврзано со методите на работа и со одговорот на прашањето – за што ни служи градинката, училиштето, факултетот?

Образованието е подготовка за живот, и што и да понуди, останува подготовка. Логично е да се понуди она што е најдоброто и најважното, а подоцна ако секој рационално и добро информиран направи свој избор, значи дека добро знаел да го искористи знаењето кое му е дадено.

Промените во општеството ќе дојдат само тогаш кога преку критичко размислување ќе се отфрлат многу пропишани обрасци и воспоставени матрици на однесувања, и кога ќе има поголема емпатија кон другите со цел да престане да се исклучуваат оние кои различно мислат, кога ќе се учи и вежба аргументацијата, кога ќе се промислуваат разни можности, кога ќе се преземе одговорноста за своите постапки.

Просторот помеѓу минатото и иднината наставниците со својот авторитет го претвораат во простор на слободата и можностите.

# На „Партизанска“ ќе се рушат објекти за потребите на булеварот

Изградбата на булеварот „Партизанска“ е во завршна фаза, но за тој целосно да се комплетира неопходно е да се срушат бараќите и доградбите во непосредна близина на училиштето „Тошо Арсов“. Тоа се бараќи во кои живеат неколку семејства



од ромска националност и со децении се тесно грло во сообраќајот кон оваа излезна насока од Штип кон Караорман, а преку мостот Актива на реката Брегалница водат и кон излезот од градот кон индустриската зона, кон Скопје, Кочани...

Градоначалникот Иван Јорданов појаснува дека овој булевар започнува од кај автобуската станица.

-Булеварот „Партизанска“ има четири ленти, по две во една насока на движење, а истиот ќе завршува кај кружниот тек кој ги спојува новиот мост на Брегалница со нагорнината кон урбаната заедница Сењак, кај штипскиот старото одделение за нервни болести. Но, токму кај овие објекти е единствениот прекин на булеварот зашто овие објекти се пречка за комплетирање на оваа важна зообраќајница за Штип, а ние тој проблем наскоро ќе го решиме, вели Јорданов.

Сепак, рушењето на овие бараки (објекти) кои се лоцирано непосредно до школскиот двор на училиштето „Тошо Арсов“ носи и проблем со себе бидејќи во нив живеат дванаесет ромски семејства кои, во меѓувреме, ги прошириле истите со нелегално градење. Сепак, договорите на тукашните семејства-станари се истечени, а АД за стопанисување со станбен и деловен простор е согласно да го отстапи овој простор за Општина Штип да може да ја комплетира изградбата на овој булевар.

Како ќе се решава проблемот на овие семејства, за тоа ќе одлучува Општина Штип во една забрзана постапка за да не се губи драгоцено време поради важноста на булеварот.

***-За овие дванаесет семејства обезбедуваме сместување во 41 куќа кои се градат кај месноста „Света Недела“. Ако тие не сакаат таму да се сместат, тогаш решавањето на нивното прашање ќе биде во ингеренции на АД за стопанисување со станбен и деловен простор кој на времето им ги дал сегашните објекти за домување, вели градоначалникот Иван Јорданов.***

-За овие дванаесет семејства обезбедуваме сместување во 41 куќа кои се градат кај месноста „Света Недела“. Ако тие не сакаат таму да се сместат, тогаш решавањето на нивното прашање ќе биде во ингеренции на АД за стопанисување со станбен и деловен простор кој на времето им ги дал сегашните објекти за домување кои мора да ги напуштат поради потребат од комплетна изградба на булеварот Партизанска, ни изјави градоначалникот Иван Јорданов.

# Ќе има ли трета среќа за хотел Гарни?

По две неуспешни обиди во текот на минатата година да биде продаден, хотелот Гарни, тој сега оди на трета продажба. Дали таа за него ќе биде трета среќа, останува да се види. Почетната цена на објектот кој како културно наследство е ставен под заштита на државата изнесува 3.355.833 денари. Објектот е во сопственост на Општина Штип.

Хотелот Гарни, без неколку помала помошни објекти, има вкупно 225 метри квадратни и дворно неизградено земјиште од 193 метри квадратни. Хотелот е изграден во 1930 година, на три нивоа има шест соби, кујна со трпезарија, бар, купатило и рецепција, надвор има шанк, перална, котлара и веце.

Овој мал хотел со интересна надворешна архитектура која од било какви наддворешни промени ја штити закон, прво ќе биде понудена на Република Македонија, а ако државата нема да посака да ја земе во свое сопствеништво ќе оди на јавна продажба. Постапката на продажба ќе биде спроведена од комисија формирана од страна на градоначалникот на Општина Штип. Ако првиот обид не биде успешен ќе се оди на втор.

За недоволно информираните ќе посочиме дека првата одлука за продажба на хотелот беше донесена минатата година на 27 јуни која одлука беше надополнета истата година во месец ноември, по што имаше два несупешни обиди деловниот објект да биде продаден и сега по третпат си ја бара среќата.

Во хотелот кој е во самото срце на градот, кој во изминатите децении го менуваше корисникот, на ноќевање доаѓаа главно деловни луѓе од нашата држава и од странство, и неговата искористеност била на едно коректно ниво.




***Овој мал хотел со интересна и посебна надворешна архитектура која од било какви наддворешни промени ја штити закон, прво ќе биде понудена на Република Македонија, а ако државата нема да посака да ја земе во свое сопствеништво ќе оди на јавна продажба.***

IN MEMORIAM

## БЛАГОЈ САМОНИКОВ (1942-2025)



Почина истакнатиот, долгогодишен културен деец, поет и прозаист Благој Самоников кој речиси целиот свој плодотворен живот го помина во културата.

Најголем дел од својот работен век Благој Самоников, кој потекнува од семејство на врвни интелектуалци, го помина во Националната установа - дом на културата „Ацо Шопов“ како стручен соработник, а потоа и како директор на оваа најголема установа во областа на културата во Источниот регион..

Неговата работна кариера ја одбележува и заложбата Домот на културата да го добие името на втемелувачот на современата македонска поезија, поетот, револуционер и општественик Ацо Шопов.

Како поет и писател, Благој Самоников останува запаметен како автор на десетина поетски дела како и автор на книга драми и раскази. Добитник е на престижните награди: „Живко Чинго“ за проза и „Ацо Шопов“ за поезија.

Како поет Благој Самоников се вбројува во елитата современи македонски поети кои на македонската литература и обезбедија место во европската и светската книжевна баштина. Со неговата смрт Штип загуби уште еден член од фамилијата Самоникови која даде сериозен прилог во развојот на политичкиот, образовниот, стопанскиот и културниот живот на Општина Штип.

Т.Кацаров


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ ФЛИПС


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Donna



**Пишува:**
**д-р Даница Фичорска,**
**специјалист физијатер**
**во пензија**

# Беседа за денот

Врви и оваа зима и носи ден по ден, мигови од нашите животи. Деновите се куси, магливи и тмурни. Се будиш со мисла како ќе го организираш времето, ќе ги завршиш ли поставените задачи, дали ќе си задоволен од се она што ќе се случи и што те чека во текот на денот. Има две патеки. По која ќе газиш, зависи од многу фактори, најповеќе од нас самите и од нашиот ментален склоп.

Ако одиш по првата патека, денот го сфаќаш со леснотија, како приказна само твоја. Се радуваш на секое случајно доброто утро, на првото кафе со пријателите, работата ти е хоби завршена со многу љубов, на убаво зготвениот ручек кој е твоја победа, на првите цветови и зелени ливчиња во градината, на прегратките и насмевките од најблиските, денот е твој, дар од Бога, еден, единствен.

Ако одиш по втората патека, сѐ е тмурно, студено, нервозен си и уморен од одењето на работа, пазарот ти е товар, мачење. Ако го сретнеш стариот пријател, си велиш „Е само уште овој ми требаше". На подарокот се прашуваш „Како сум бил жив до сега без ова". Легнуваш вечер уморен и се лутиш што сонот не ти доаѓа. Нервозен си што утре те чекаат истите проблеми, истите задачи сѐ одново и одново, секој ден. Чувствуваш како да си пропаднал во жив песок, броиш и едвај чекаш да поминат деновите.

Но, не е се така. Не е се црно или бело и покрај добрата волја. Секој го живее својот живот со успеси и порази без правила, со секојдневни неочекувани потреси, за кои ти треба трпение, сила и време. Како ќе ги поминеш, повторно зависи од менталниот склоп и силата да се избориш.

Се сеќавам кога ми излезе мојата прва книга поезија. Јас ја дадов на еминентна професорка да ми ја прочита и да ми го каже своето мислење. По две недели ми ја врати книгата и ми рече дека не ѝ се допаѓа, дека песните се раскажувачки и некако детски. Јас потоа две години не напишав ни збор. Не ми успеа да го пребродам неуспехот.

Но, ланската пролет се случи нешто необично. Сакав во мојот двор да посадам автохтоно цвеќе, кое нема да ми се исуши за време на големите горештини. Посадив џунџуле.Почвата зазелени.Кога отидов по два дена од зеленилото немаше траг. Не знаев што се случи и зедов расад, кој го посадив на убава парцела над куќата и веќе ја замислував како ќе изгледа со расцветаните цветови. Кога утредента отидов да ги видам, веќе го немаше секое десетто и изгледаа како со нож пресечени.По два дена го немаше секое петто.Се сетив. Тоа се полжавите кои ми го јадат цвеќето.

- „Е, добро натрапници – си помислив. - Ќе видиме кој е попаметен, јас или вие".

Секое коренче го заградив со стапчиња од сите страни, сигурна дека никој не може да ги допре.

Кога дојдов другиот ден, немаше ниту едно единствено од моите цвеќиња. Погледнав и не видов ниту еден полжав, но знам дека ова е нивно царство, зошто после секој дожд, таму ги има со десетици.

Се насмеав. "Господо полжави, мојата почит, мојата длабока почит. Ме победивте, ама јас ќе ја добијам битката" – со реков и добро се изнасмејав.

На местото, подоцна, посадив голема жалфија која и не е по вкус на полжавите, прекрасна, со големи виолетови цветови и е, по мој вкус.Полжавите можат и да танцуваат околу неа, но победата е моја.

Поразот го сфатив како поука и неговата смешна страна. Се сетив и на поразот за мојата поезија „Зошто толку ме навреди, зошто не го завртев листот, не мора на секого сѐ да му се допаѓа" и набрзо напишав дваесетина песни, и подоцна излезе мојата втора книга со позија, но се трудев да не биде раскажувачка.

Деновите врват нечујно, важни и неважни случувања ги исполнуваат, а навечер кога ќе ги склопиме очите мирно или немирно тонеме во сон, во пресрет на новиот ден. Врви полека животот. Стареeме онака како сме одбрале да живеeме. Газиме по патот кој сме го одбрале да живееме.

Ако живееме овде и сега е во ред но, ако одиме по вториот пат, ако наутро пропаѓаме во магла и сивило ни треба еден мал искрен разговор сам со себе, како завет, во кој ќе си ветиме дека ќе направиме сѐ, денот да биде убав, ден еден единствен, кој никогаш нема да се повтори, како водата во реката. Ако си повторуваме секое утро, неверојатно колку ќе ни помогне да ја видиме светлината и да излеземе од живиот песок, анксиозноста и депресијата кое во ова време од годината е многу често.

„Најубав ден во мојот живот, секогаш нека биде денешниов ден"

Овие зборови, напишани рачно на бело ливче од хамер, стоеја закачени со патент над работната маса на мојата пријателка Илина и ми будеше насмев секогаш кога ќе поминев покрај него, а за Илина имаше големо значење. Секогаш беше ведра, полна со позитивна енергија, било што да се случеше. Верувам дека се уште стои на истото место.

Колкава вистина има во изреката "Животот ти е таков, какви ти се мислите".

Времето е предрагоцено за да се размислува за небитни нешта. Со годините доаѓа мудроста, сваќаш колку е драгоцена секоја минута, загубена непотребно. Затоа денот, да го исполниме со работа која не исполнува. Да се окружиме со луѓе кои носат радост и ни се подршка, пријателите и семејството, со еден збор, да научиме да го живееме моментот оти само тој е вистината, а времето си оди, секогаш си оди и ја плете нашата судбина, сакале ние или не. Не вреди грижа, однапред, за нешто кое најчесто, никогаш, нема ни да се случи.



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# СЕ Е МУЗИКА

Секогаш околу пладне штом ќе се слушнеше погребниот марш на градската блех музика, мама прва застануваше на прозорецот. Не го тргаше пердето за да и’ се избистри погледот. И преку пердето знаеше што се случува на улицата. Ќе викнеше по татко: „Станувај бе Миро, мртовец проаѓа. Не се лежи додека мртовец ни минува под балконот“.Тато без приговор скокаше од креветот и се местеше до мама на прозорецот зад пердето. Од секогаш љубопитноста ми била слаба страна. До мама и тато, на прозорецот зад пердето, се местев и јас. Сестра ми трчајќи откај детската соба и таа.

Наредени пред призорот на траорот, секогаш јас прв ќе прашав: „Кој умрел?“. Без да гледа во мене, тато одговараше: „Човек“

“Штом го испраќаат со музика мора да е некој големец.“ – гледајќи преку прозорецот ќе речеше мама.

„Стана пракса испраќањето во вечните ловишта со музика. Не мора да е видна личност или големец како што велиш ти.“ – ќе додаше тато.

Откако ќе се извлечеше поворката, тато прв го напушташе постот пред прозорецот, зад пердето. Тргаше на старото место, да се истргне на креветот. Мама секогаш го сопираше во остварувањето на намерата: „Не легнувај. Време е за ручек! “ Откако тато ќе ја заземеше челната позиција на масата, мама ќе ни подвикнеше: „Ајде и вие, што чекате?!“.

Во интонација и ритам што ќе го дадеше погребниот марш на Градската блех музика ни минуваа годините едни по други.

Не ретко си мислев дека луѓето што не се, скојдневно, очевидци на траорниот чин, полесно се справуваат со лажливецот живот. Со ширењето на градот и зад ридовите што го опкружуваат како што ридовите го опкружуваат Вечниот град-Рим, поворките престанаа, престанаа и посмртните маршеви низ центарот на градот. Престанаа и животите на мама и тато.

На прозорецот, зад пердето на третиот кат од поштенската зграда, сега некои други стојат, го гледаат животот како проаѓа. Проаѓа не следен од звуците на посмртните маршеви на Градската блех музика.

На овие мигови од моето детство и младоста не ќе се сетев , ако на една од социјалните мрежи не го видов погребот на Никола Тесла. Сите сведоци на релсот, со кој можев да се видам и да поразговарам на поддадената тема, имаа позитивни референци: „Импозантен погреб. „

Тесла оставил аманет да го погребат со звукот на српската патриотска песна „Таму далеку“. Додека музиката ги потсетувала присутните, оние од српска провиниенција, на стиховите кои говорат за големата љубов кон родното село, Никола Тесла, тргнал кон вечноста.

Причина да размислувам за уделот на музиката во општата расположба на луѓето се и студентските демонстрации во соседна Србија.

Педантните статистичари забележале четири песни кои студентите ги земале како додатно гориво на истрајноста во истерувањe на правдата:

**„Крени се Србијо**“ напишана од Д. Обрадовиќ, за време на првото српско востание: „Крени се Србијо“/ Оддамна си заспала/Во мрак си лежала/Разбуди се сега!

**Гаудеамус игитур** ( За краткоста на животот) Мелодијата потекнува од средовековната химна напишана од Страда бискупот на Болоња во 1267 година. Да живее академијата/ да живеат професорите/да живее секој член/ Живи да се членовите/нека секогаш бидат расцватена.“

**„Земја“** на Екатерина Велика, 1987 година

„Ова е земјата за сите наши луѓе/ Ова е нашата куќа/ова е куќа за сите наши деца

**„За Милион години**“ 1985 година

„Кога тмурното небо ќе осамне во твоите тажни мисли/ кога дождот на есента ти го замагли погледот пред прозорецот/ една рака те бара, сака да ти даде/допир на нежноста за милион години!“

На крајот ќе излезе како во песната на Арсен Дедиќ – „Се беше музика!“ И ќе остане само музиката.



Пишува:
Роберт Аџипетров

# Една поинаква приказна – продолжен престој во ООУ „Ванчо Прке“ Штип

***Денес во подрачното училиште на ООУ „Ванчо Прке“ во Ново Село повторно се слуша гласот на учениците, а капацитетот е околу 150 ученици. Како се дојде до тоа?***

Живееме во динамична средина, каде секојдневно се бориме да ги завршиме сите обврски во даденото време. Да се биде родител, значи да се биде менаџер на време помеѓу работните обврски, личните амбиции и потреби и обврските кон децата. Овој предизвик е уште поголем кога децата добиваат статус на ученици. Во овој момент родителите се исправени пред предизвикот, да изградат кариера и обезбедат подобра иднина за своите деца или пак да се откажат од овие можности и да се фокусираат на сегашноста.

Оваа дилема или економски кажано потреба, генерираше бизнис идеја која резултираше со отварање на една нова форма на приватни детски градинки, каде што учениците се згрижуваа пред и по училиште. На тој начин, додека родителите ги завршуваат своите обврски, децата беа соодветно згрижени, домашните задачи завршени, а лекциите научени. Перфектно решение на комплициран проблем, но колку истото беше достапно до секого? Секој бизнис е создаден за профит, а наведената услуга беше прилично скапа, а со тоа и нејзината достапност ограничена. Од овде произлегува и прашањето, дали потребата на родителите, може да добие системско решение и со тоа да биде достапна до секого?

Министерството за образование и наука во претходниот период во повеќе наврати излезе со став дека престојот на учениците во училиштата е потребно да се зголеми, со тоа да се искористи наставниот кадар и да се подобрат образовните резултати. Често во јавноста се зборуваше и за оптимизација и потреба од рационално користење на ресурсите. Овие насоки на ресорното министерство беа слушнати и етапно спроведени во едно на општинските основни училишта во Штип. Така, ООУ „Ванчо Прке“ Штип пред две години, на иницијатива на група родители, започна со активност за одржување на продолжен престој за која потреба беше реновирана една просторија во подрачното училишта во Ново Село. Во тој момент тоа беше една руинирана просторија, која со помош на локалната самоуправа, но и донации од општествено одговорно лица беше трансформирана во просторија за продолжен престој, каде што беа соодветно згрижени околу 40 ученици во две смени. Услугата беше комплетно бесплатна, ангажираниот кадар соодветен согласно норматив, а условите оптимални за наведената дејност.

Како што растеше интересот, така и менаџментот на училиштето во соработка со локалната самоуправа премина во фаза на обезбедување на дополнителни простории, па така веднаш по првата беше соодветно реконструирана уште една прилично запуштена училница во подрачното училиште. Условите беа значајно подобрени, па така освен учениците од прво до трето одделение за кои и беше наменет продолжениот престој, интерес се појави и кај учениците од четврто и петто одделение. ООУ „Ванчо Прке“ Штип, со цел да одговори на барањата на родителите достави до Министерството за образование и наука, барање за согласност за организирање продолжен престој и за четврто и петто одделение. Во тој момент, станува збор за барање кое законски не беше регулирано поради што се појави застој во активностите. Сепак Министерството за образование и наука, прашањето успеа законски да го разреши со законските измени во Законот за основно образование кои Собранието на Македонија ги усвои на крајот од минатата година.

Денес, ООУ „Ванчо Прке“ Штип работи на дополнително проширување на капацитетите и доопремување на уште две нови простории во подрачното училиште во Ново Село, но и целосна реконструкција на столаријата и тоалетите во истото. Денес во ова подрачно училиште повторно се слуша гласот на учениците, а капацитетот е некаде околу 150 ученици.

Организирањето на продолжен престој во Штип е овозможена и во ООУ „Гоце Делчев“ кое всушност и прво училиште кое истото го овозможи, а во моментот соодветните активности за испитување на интересот се одвиваат и во ООУ „Тошо Арсов“. На овој начин, по пат на оптимизација и рационализација на расположливите ресурси се создава системско решение на потребите на родителите, а во интерес на учениците. Општина Штип е само еден позитивен пример за тоа како преку рационализација на ресурсите, можат да се постигнат огромни резултати во делот на образованието, а во интерес на учениците и нивните родители.

**(Авторот е в.д.директор на Педагошка служба при Министерството за образование и наука)**

# Павел Миленковски, наскоро завршува медицина, се бави и со политика, а се прослави со романот Рогоз



Павел Миленковски има 23 години и е студент по општа медицина на Факултетот за медицински науки при УГД. Тој месецов, во Домот на млади, го промовира својот втор роман Рогоз. Потекнува од семејство во кое неколку генерации се бавеле со литература.

-Презадоволен сум од промоција, од организацијата, од спонзорите.Им се заблагодарувам уште еднаш на сите кои присуствуваа на истата, имаше околу 150 посетители, благодарност и до промоторот на книгата Трајче Кацаров кој на извонреден начин ја престави истата на посетителите, вели младиот писател.

Павел се определил да пишува романи бидејќи за него романот е најголемата прозна творба.

-Како таква таа ни дава слобода да пишуваме, да фантазираме, да твориме во секој правец. Самата ширина на мислата која што јас можам да ја преточам во романот ми го прави многу попривлечен за разлика од другите форми на книжевно изразување, посочува Павел и додадаве дека преку романот можел да се изрази многу подобро, пошироко да ја искаже својата мисла и да направи спој на неспоивото во едно дело.

На нашето прашање зашто трилер Миленковски вели

-До сега добив многу коментари од луѓе кои го прочитале, и имав среќа да има и такви од повозрасната категорија на кои навистина им се допадна, прашањето од нив често беше: Од каде ти ова го знаеш? Бидејќи се зборува за работи од бивша Југославија, а јас сум роден 10 години по распадот на истата. Сето тоа е од книги, од филмови кои го прикажуваат тој период од филмови кои се твореле во тој период, од приказни, митови за тоа време на сето тоа кога ќе ја додадеме мојата приказна и мојата фантазија добивме едно дело кое сметам дека полека зема замав кај публиката затоа што над 150 примерока од книгата се во раце на различни читатели.

На некои места во ромот го фалиш минатито општествен поредок, а си млад човек кој тој период не го ниту живеал, зошто?

-Да, јас не сум живеел во Југославија, моите родители се доста млади па и тие не фатиле некој битен период од СФРЈ, па сакам да кажам дека нема кој мене да ми раскажувал какво е тоа време. Едноставно сам сум донел убедување за тоа како тогаш се живеело, врз основа на многу прочитано, многу изгледано сфаќам дека тој период некаде до смртта на Тито е нешто најдобро што можело да се случи на овие простори. Па и самата флоскула ,,вие (политичарите денешни) не може да го варосате тоа што Тито го градел'' кажува многу. Тогаш се знаело како системот функционира секој работи за себе и за општо добро. Толку многу народи споени во едно, а никаков инцидент дотогаш е нешто незамисливо за денес. Вредностите од тогаш се многу изгубени, тогаш за државата работеле државници кои оставаа резултат зад себе, а не како денес каде остават буквално ништо.

Павел е активен на политичката сцена, претседател е на социјалдемократската младина на Штип, студир медицина, пишува романи па што од тоа ќе му биде основна животна професија?

-Политиката е средство преку кое може да се изборите во општеството и да направите нешто, се разбира позитивно,книжевноста ја користам за коментар, медицината да помогнам на сите. Таа е најхуманата професија и затоа се трудам, се борам, учам да за кратко време почнам тоа да го остварувам и на професионално ниво.

> **„Не се откажувам, продолжувам да пишувам. Размислувам во насока да одам со некоја трилогија за Рогоз, бидејќи од него сакам да направам култен лик, кој еден ден мислам ќе добие своја верзија и на филмско платно“, вели Миленковски.**

За Павел не е спорно дека луѓето читаатно дека повеќе се ориентирани кон странски автори или некои домашни но пореномирани.

-Моите млади години и тоа што сум се уште непознат кај читателите е тоа што нема некој преголем интерес. Но јас на крајот на денот сум задоволен, секој коментар ми ја исполнува душата било каков да е. Можеби во иднина соработка со некоја издавачка куќа ќе го прошири мојот домен и низ другите градови од државата па и пошироко, посочува младото, сестрано момче, и додава:.

-Не се откажувам, продолжувам да пишувам. Размислувам во насока да одам со некоја трилогија за Рогоз, бидејќи од него сакам да направам култен лик, кој еден ден мислам ќе добие своја верзија и на филмско платно.

За секој што сака да го прочита Рогоз, романот е достапен во Тобако City Point во City Mall Shtip, Кафе Книжарница Арт, како и на моите социјални мрежи (Facebook: Pavel Milenkovski, Instagram:milenkovski22 , Email: pavelmilenkovski@gmail.com)

# НУЦК „Ацо Шопов“ годината ја започна со осум театарски претстави

***✧ Прва средба на Филип Стефановски, новиот директор на НУЦК „Ацо Шопов“ со новинарите***


Филип Стефановски

Осум тетарски претстави репризно ќе бидат изведени во текот на месец февруари, од кои две ќе бидат прикажани по двапати. Тоа се претставите Лекција, Женидба, Јас, на некое друго место, Пијани (два пати) Сите прекрасни нешта (два пати) Како што сакате, Избувливиот човек и Стан 54. Претставата Избувливиот човек е на НУЦК „Бели Мугри“-Кочани, а претставата Како што сакате на Театар Куманов. Сите други претстави се дел од репертоарот на штипскиот театар, а ќе се прикажуваат во деновите вторник и четврток..

За овој настан, но и за некои други важни нешта кои ќе се случуваат во најголемата национална институција од областа на култура во Источниот регион, а тоа е НУЦК „Ацо Шопов“-Штип, информираше новиот директор м-р Филип Стефановски.

- Што се однесува до нашите проекти за 2025 година кои се испратени во Министерството за култура, не можеме да информираме како стојат работите бидејќи програмата на Министерството не е сеуште јавно



објавена. Ние како национална установа во која составни делови се Домот на култура и Народниот театар очекуваме нашата програма наскоро да биде објавена за да можеме и ние на време да јаинформираме нашата јавност во однос на најголемите кулктурни настани кои годинава ќе ги имаме и ќе ги ставиме на нивно располагање, рече Стефановски.

Тој информираше дека веќе е ставена во функција билетарницата при Домот на култура на која, секој работен ден од 9-19 часот граѓаните ќе можат да купат влезница за било кој културен настан кој е најавен од институцијата. Во деновите вторник и четвр-ток,кога ќе се даваат претставите, билети ќе можат да се набавуваат и на билетарницата на тетарот од 17-20 часот.

-Годинава Штип ќе го одбележи големиот културен настан, сто годишнината од изведбата на првата опера во Македонија, а тоа е опретата Палјачи. Во овој голем проект ќе бидат вклучени институции од Штип но и од цела Македонија. Планирани се сликарски изложби, промоции на книги, концерти на класична, народна и забавна музика, во рамките на Домот на култура ќе работат активно и Камерниот хор, КУД „Ристо Донев Учителот“, Ликовното ателје, и се што дава придонес за културата во градот и државата, меѓу кои е и враќањето под наша закрила на драмското струдио-театар за деца, појаснува директорот Стефановски.

***РЕГИОНАЛНО...Со културните производи на нашата установа ќе гостуваме во сите градови во Источниот регион што ќе значи дека секоја наша театарска претстава ќе гостува и во Берово, Делчево, Кочани, Виница, Пехчево, Пробиштип...Ќе настојуваме и посебните културни добра од овие општини да гостуваат во Штип. рече Филип Стефановски на неговата прва средба со новинарите***

За горлив проблем тој го смета недостатокот од систем за греење на големата сала која може да прифати 700 посетители и вели дека на решавањето на овој проблем активно ќе се работи зашто тоа е приоритет. За тоа Стефановски очекува поддршка од Министерството за култура и од Општина Штип.

-И уметничката Галерија 22 ќе ја надоградиме со набавка на концертен клавир и подобрување на акустичноста, а посебен акцент даваме на соработката со Музичкото училиште „Сергеј Михајлов“ и Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“. Мислам дека е наша должност Штип како град-регионален центар и нашата установа да работат на регионалниот аспект во развојот на културата, што ќе значи дека секоја наша театарска претстава да гостува и во Берово, Делчево, Кочани, Виница, Пехчево, Пробиштип...Ќе настојуваме и посебните културни добра од овие општини да гостуваат во Штип. рече Филип Стефановски на неговата прва средба со новинарите.

# Одбојкарот Стефан Алексов е спортист на годината на Штип за 2024 година

На специјална церемонија Штип ги прогласи своите најдобри спортисти за 2024 година. Титулата „Спортист на годината“ му припадна на Стефан Алексов, одбојкарски репрезентативец, член на одбојкарскиот клуб Штип УГД. Алексов беше најзаслужен што штипските одбојкари го освоија Купот на Македонија во овој спорт.



На церемонијата беа прогласени и соодветни признанија добија поголем број млади спортисти од повеќе спортски гранки како борење, карате, фудбал, одбојка, кошарка, теквондо..

На спортистите им се обрати градоначалникот Иван Јорданов:

„Благодарејќи на вас и вашиот ентусијазам нашиот град е препознаен и како град на спортот на еден поширок регион. Благодарност до сите пионери, кадети, младинци, сениори, тренери и спортски работници кои неуморно работат за развојот и промоцијата на спортот во нашиот град. Вашата страст и посветеност придонесуваат за спортскиот дух и успех во спортовите во кои се натпреварувате. Продолжете со истото темпо и нека вашите успеси бидат инспирација за идните генерации“, рече градоначалникот Јорданов.

# БК Балканец е екипен државен првак на Македонија

Во хотелот Изгрев во Штип Боречката федерација на Македонија, на убава свеченост, ги прогласи најдобрите борачи, тренери и клубови за 2024 година.



Најдобар клуб за 2024 година во боречкиот спорт е штипски БК Балканец кој е екипен државен првак.

Признанието за најдобри тренери им припадна на Мики Тодоров, Давор Тасев и Бобан Данов од штипскиот клуб. Во женска конкуренција најдобар тренер е Ангел Стефанов, исто така од Балканец.



Најдобри спортисти-борачи од Балканец согласно постигнатите резулати и ранг листата на Боречката федерација на Македонија се:

Зоран Шоров-пионери, Леон Манов - кадети, Стефан Стојков-младинци, Стефан Штерјов – У23, Дејан Митров-сениори.

Кај девојките:

Бојана Ковачова, Мелани Митевска и Марија Цветанова. Сите тие добија соодветни признанија од Боречката федерација на Македонија.

Признанија за поддршка на најтрофејниот македонски спорт беа доделени и на неколку медиуми, меѓу кои и на нашиот весник Штипски Глас.

## КУМАНОВСКИ ВИЦЕВИ

Муж: Жено што направи за едење?
Жена: Ејј, забравила сам да направу…
Муж: добро де, ај ти ќе едеш ќутек, ама јас што ќе еду:

Разговарaат двајца кумановци:
Абе големо коцкариште си биднаја, вика првиот.
-Ај да се кладимо дека не сам, одговара другиот.

У свет:
– „Тражиш превише“
Куде нас
– „Да не сакаш и музичку жељу?“

Постоив 3 вида на седи:
– Седи
– Седи миран.
– Седи не ме знаеш!

Како почна овој вегетаријанско-веганско лудило, за некоју годину се гледам куде стоју пред кафану с’с кобасицу у руку заедно с’с пушачи..

Никад нема да ве биде све док 200 евра за жену су ви много,
а за шваљерку малко.

Ја ке гласам за онија што ке уведев још ед’н д’н између Суботу и Недељу

Пред некој д’н на Маврово :
Дајте ми ские и чизме 53 број.
– Кој број?!!
53.
– Па што ќе ти ские?!!

Како знаеш дека е недеља?
Па такој к’д отвориш прозор и од три различни места у маалу брчи усисувач.

Во екс Југославија на седница на ЦК се разговара за скратување на работната недела.
Едни предлагаат и сабота да биде неработен ден (тогаш беше работен) други да има слободен ден во средината на неделата, па станува црногорец и дава предлог:
-Во име на нашата делегација предлагам да не се работи од понеделник до сабота, а недела нека си остане како што е!



# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Не престанува процесот на иселување на младите од нашата Македонија. Македонската политика перфектно ја спроведува својата агенда!**

…………………………………………………………

**Од следната сезона на нашите фудбалски терени ќе има Вар систем**
**А фудбал, ќе има ли…**
**Или за тоа сеуште не е одлучено?**

…………………………………………………………

**Среќата за секого е иста секој ден.**
**Само несреќата има посебно лице за секој поединец.**
**Сепак, не е до среќата/несреќата туку до нашето поимање на тоа што е среќа, а што несреќа.**
**А тоа поимање е различно кај секого...**

…………………………………………………………

**Ни претстојат нови избори.**
**На нас е одговорноста да го промениме светот.**
**На подобро.**
**А таа промена не е можна ако првин не се промениме себе си...**

…………………………………………………………

**Во македонската политика има две страни кои се тепаат за власт на секои избори.**
**Тие се тепаат, а народото останува нокаутиран.**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 9 | 3 | 5 | | | |
| 5 | | | | 7 | 8 | 2 | 1 | 3 |
| 7 | 3 | 8 | | | | 6 | | 5 |
| | 7 | 4 | 2 | 1 | | 5 | | |
| 2 | | | | | 3 | | | |
| 1 | 9 | | 8 | | | 3 | | |
| 9 | 1 | | | | | 4 | | 8 |
| 8 | 5 | | | | | | 2 | 6 |
| | 6 | 2 | 5 | 8 | 1 | 9 | 3 | 7 |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 20.02.2025 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| Ш.Г. | Возен ред (лат) | Посреден заклучок | Тенисерката Спирлеа | Датум | Град во Грузија | Гл. град на Сауд. Арабија | Јужно овошје | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Балерина Данкан | | | | | | | | | | | | | |
| Деспот | | | | | | | | | | | | | |
| Грчка божица на раѓањето | | | | | | | | | | | | | |
| Ноќна пеперутка | | | | | Коњ / Вид риба (мн.) | | | | | | | | |
| Река во Шпанија | | | | Речен остров / Список на имиња | | | | | | | | | |
| Јапонска копнена миља | | | Ив Монтан / Општина (тур.) | | | Сименс / Имиња на географ. места | | | | | | | |
| Агол за навигација | | | | | | | Вид Птица | Град и река во Судан | Одлгедување живина | Тенисер Крикштајн | Радиум | Чилеан. поет Педро де | Скијачка Шарец |
| ***Наш артист и пејач (фотос)*** | | | | | | | | | | | | | |
| Ш.Г. | Ракување / Муслим. машко име | | | | | | | | | | | | |
| Италија | | Диме Илиев | | | Еден метал / река во Конго | | | | | | Аргон / Соединен. на азот и водородот | | |
| Бор | | Цркона слика / Град во Словенија | | | | | | Хрватска нафтена индустр. / Река во Сибир | | | | Кислород / Сликарка Темкова | |
| Блаженство | | | | Вид мајмун / Хемиски елемент | | | | | | Герман. писател Томас / Чешки шах. Рихард | | | |
| Анатомски стручњак | | | | | | | Пејач Дасен / Река во Турција и Русија | | | | | | |
| Иван Кирилов | | | Птица лат. / Прилог за количина | | | | | Франц. археолог Саломон / Удар во мечување | | | | | |
| Франц. композит. Жил | | | | | | Сталеж класа мн. / Артист Спенсер | | | | | | Сврзник / Старо еврејски крал | |
| Ш.Г. | Место во Хрватска / Брајан Адамс | | | | Франц. ф.клуб / Артист Марвин | | | | | | | | Тони Ниеминен |
| Наш балетан Тони | | | | | | | | | | Герман. филозоф Георг / Радиус | | | |
| Вид прстенести црви | | | | | | | | Силен ветер ураган | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

# СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



## НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22
www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA